Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
Комисија за заштита на конкуренцијата
Komisioni për Mbrojtjen e Konkurrencës
Комисија за одлучување по прекршок
Komisioni për Vendimmarrje për Kundërvajtje
Скопје-Shkup 1
Примено: E pranuar: 19.09.2025
Орг. Един. Nj. Org.: 09 | Број: Numri: 2/18 | Прилог: Shtojcë: | Вредност: Vlerë:

УПРК.бр.10/2025

ВО ИМЕТО НА ГРАЃАНИТЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

УПРАВНИОТ СУД преку судијата Имсале Хасани, како судија поединец, со записничар Димитар Радичевски – виш судски соработник, одлучувајќи по тужбата на тужителот Здружение на Приватни лекари на РМ Скопје, поднесена преку полномошник Адвокат М-р Грозданчо Сутинов од Велес, против Решението ПП.бр.09-2/11 од 30.04.2025 година, на Комисија за одлучување по прекршок при Комисијата за заштита на конкуренцијата, за сторен прекршок од областа на конкуренцијата по член 59 став 1 точка 1, а в.в со член 7 став 1 точка 1 од Законот за заштита на конкуренцијата, по одржаната јавна расправа на ден19.08.2025 година, во присуство на полномошникот на тужителот адвокат М-р Грозданчо Сутинов од Велес и во присуство на овластени преставници на тужениот орган Валентина Николова од Скопје, Надица Четорошка од Скопје и Крисијан Костов од Скопје, со член 60 став 1 од Законот за управните спорови, на ден 26.08.2025 година, ја донесе и јавно ја објави следната:

I
П Р Е С У Д А

Тужбата на тужителот Здружение на Приватни лекари на РМ Скопје, СЕ УВАЖУВА.

Решението ПП.бр.09-2/11 од 30.04.2025 година, на Комисија за одлучување по прекршок при Комисијата за заштита на конкуренцијата, СЕ ПОНИШТУВА И СЕ ОДЛУЧУВА:

Прекршочната постапка поведена со Барање за поведување на прекршочна постапка на Комисијата за заштита на конкуренцијата, Комисија за одлучување по прекршок Бр.07-251/3 од 29.10.2014 година, против тужителот Здружение на Приватни лекари на РМ Скопје, за сторен прекршок по член 59 став 1 точка 1, а в.в со член 7 став 1 точка 1 од Законот за заштита на конкуренцијата, СЕ ЗАПИРА поради настапена застареност за поведување и водење на прекршочната постапка.

II.
Р Е Ш Е Н И Е

Барањето на тужителот за надомест на трошоците во постапката, СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНО.

О б р а з л о ж е н и е

Тужителот Здружение на Приватни лекари на РМ Скопје, преку полномошник адвокат М-р Грозданчо Сутинов од Велес, до Управен Суд на ден 23.05.2025н година, поднел тужба, за поништување на Решението ПП.бр.09-2/11 од 30.04.2025 година, на Комисија за одлучување по прекршок при Комисијата за

заштита на конкуренцијата, со кое решение тужителот, како здружение на претпријатија во смисла на член 5 став 1 алинеја 1 и 2 од Законот за заштита на конкуренцијата, во периодот од 10.03.2012 година до денот на донесување на решението, донело забранета одлука, на начин што Управниот одбор на Здружението на приватни лекари на Република Македонија, донел Одлука бр.сл од 10.03.2012 година, со која е донесен Ценовник за услуги за приватни пациенти и приватни услуги, одлука со која директно или индиректно се фиксираат продажните цени на услуги за приватни пациенти и приватни услуги чија цел е спречување, ограничување или нарушување на конкуренцијата, со што сторил прекршок од член 59 став 1 точка 1, а во врска со член 7 став 1 точка 1 од Законот за заштита на конкуренцијата, за што му е изречена санкција - глоба во износ од 101.766,00 денари, што претставува 6,39% од вредноста на вкупниот годишен приход на Здружението на приватни лекари на Република Македонија остварен во 2024 година, како последна деловна година за која истото има поднесено годишна сметка. Со истото решение, тужителот е задолжен глобата да ја плати во рок од 30 дена од правилноста на решението, а во спротивно истата ќе се наплати по присилен пат. Предметот е заведена под УПРК.бр.10/2025.

Незадоволен од решението на тужениот орган, тужителот поведе управен спор, поради погрешна примена на материјалното право, погрешно или нецелосно утврдена фактичка состојба, во постапката која претходела на актот не е постапено спред правилата на постапката и поради причини заради кои управниот акт може да се прогласи за ништовен. Во тужбата е наведено дека за истата правна работа, против решение на сега тужениот орган бр.09-22/9 од 31.08.2016 година, Управниот суд донел пресуда УПРК.бр.3/2016 од 23.05.2019 година, потврдена со пресуда на Вишиот управен суд УПРЖ.бр.562/2019 од 19.12.2019 година, со која било поништено наведеното решение, а со пресуда на Управниот суд УПРК.бр.1/2021 од 26.04.2021 година, поништено е решението на тужениот орган бр.09-5/1 од 21.01.2021 година, со укажување дека со оспореното решение не била правилно и целосно утврдена фактичката состојба од причина што не било утврдено како е нарушена конкуренцијата со донесувањето на одлуката Сл. од 10.03.2012 година до денот на донесувањето на решението, кога не е утврдено кое дејствие е превземено од тужителот по донесувањето на одлуката од 10.03.2012 година, а кое има обележје на прекршокот кој му се става на товар. Понатаму, тужителот наведува дека за судот останал спорен првиот елемент на законското битие односно субјектот на прекршокот и вториот елемент кој се однесува на донесувањето на забранетата одлука дали истата влијаела на пазарот односно не е утврдено дали со донесениот ценовник за услуги за приватните здравствени установи е почитува одлуката од приватните лекари. Според тужителот е нејасно како е утврдено дека се работи за траен прекршок, од причина што не е утврдено друго дејствие кое тужителот го превзел по донесувањето на одлуката од 10.03.2012 година, а наведеното и за судот било нејасно од причина што предмет на прекршочна одговорност може да биде конкретно дејствие кое со закон е определено како прекршок и чии обележја се определени со закон, во смисла на членот 8 од Законот за прекршоците. Тужителот како здружение на граѓани, не фиксирал цени, не влијаел на пазарот, ниту вршел економска активност, а самото донесување на одлука или склучување на договор, не претставува сторување на прекршокот по член 59 став 1 точка 1 од Законот за заштита на конкуренцијата. Според тужителот, видно од оспореното решение и заклучокот за исправка, нема утврдени факти како тужителот ја нарушил конкуренцијата, на кој пазар ја нарушил конкуренцијата и со кој доказ

тоа се докажува и не е утврдено по кој став и по кој член и закон донесувањето на одлуката од 10.03.2012 година, е забранета. По однос на наводите на тужениот орган дека тужителот е претпријатие во смисла на член 5 став 1 алинеја 1 од Законот за заштита на конкуренцијата, кое можело да влијае на однесувањето на претпријатијата, тужителот наведува дека согласно член 3 став 40 и член 8 од Законот за трговските друштва, не претставува претпријатие или здружение на претпријатија, туку здружение на граѓани-физички лица лекари кои не членуваат како претпријатија, ниту претставуваат трговци во смисла на Законот за трговските друштва, поради што смета дека комисијата нема законска основа да ја води оваа прекршочна постапка. Исто така, тужителот нема третман на правно лице против кое може да се води прекршочната постапка и за одредено противправно дејствие да му се изрече прекршочна санкција, бидејќи истиот не врши економска активност за да може или би имал влијание на однесувањето на претпријатијата на пазарот. Смета дека е настапена апсолутна застареност на прекршочно гонење во смисла на член 41 став 3 во врска со став 10 од Законот за прекршоците, со оглед на тоа што одлуката за која тужителот се товари била донесена на 10.03.2012 година, а оспореното решение на 30.04.2025 година, по протек на период подолг од 10 години. Според тужителот, тужениот орган сторил повреда на законот, во кој е наведено дека тужителот немал право на жалба ниту право да поведе управен спор, што е спротивно на член 2, 3 и 4 став 1 точка 4 од Законот за управните спорови, со кои се гарантира судска заштита спрема конечните управни акти од сите државни органи. Предложи, тужбата да се уважи, оспореното решение и заклучокот за исправка да се поништат и тужителот да се ослободи од прекршочна одговорност.

Тужениот орган во одговор на тужбата, ги достави списите на предметот, остана при своето решение и предложи тужбата на тужителот да се одбие како неоснована, со образложение дека во повторна постапка, органот ги имал предвид укажувањата дадени во пресудата на Вишиот Управен УПРЖ.бр.60/2024 од 04.12.2024 година, имајќи ги предвид одредбите од член 66 став 1 алинеа 2 и став 2 од Законот за заштита на конкуренцијата, во случајот не се настапени условите за апсолутна застареност на прекршочно гонење. Членот 7 став 1 од Законот за заштита на конкуренцијата, изрично забранува претпријатија, односно здруженија на претпријатија да учествуваат во договори или договорни практики со кои директно или индиректно се фиксираат продажните цени на стоките и услугите на претпријатијата, бидејќи таквото договарање е спротивно на основното правило на слободната конкуренција, според кое учесниците на пазарот треба самостојно и независно едни од други да ги носат одлуките за своето однесување на пазарот и самостојно да го сносат ризикот на успехот, односно неуспехот од таквото однесување. Членот 7 став 1 прави разлика помеѓу оние договори кои за цел имаат ограничување на конкуренцијата и оние договори чија последица е ограничување на конкуренцијата. Во моментот кога ќе се утврди дека еден договор има за своја цел ограничување на конкуренцијата, нема веќе потреба да се утврдуваат и конкретните ефекти односно последици на тој договор врз конуренцијата. Според тужениот орган, неосновани се и наводите на тужителот дека истиот не врши економска активност па поради тоа не може да има влијание врз однесувањето на претпријатијата, од причина што согласно Законот, тужителот е здружение на две или повеќе претпријатија кое директно не врши економска активност, но има или може да има влијание на однесувањето на претпријатијата на пазарот, без оглед на формата на здружувањето, а тоа е посебно дефинирано во членот 5 став 1 алинеја 1 од Законот за заштита на

конкуренцијата. Бидејќи за органот е неспорно дека тужителот го сторил прекршокот за кој се товари, изречена му е глоба во износ од 101.766 денари, што претставува 6,39% од вредноста на вкупниот годишен приход на здружението остварен во 2024 година, како последна деловна година за која истото има составено годишна сметка.

Постапувајќи по поднесената тужба, Судот закажа и одржа јавна усна расправа на ден 19.08.2025 година, во присуство на полномошникот на тужителот адвокат М-р Грозданчо Сутинов од Велес и на овластени преставници на тужениот орган Валентина Николова од Скопје, Надица Четорошка од Скопје и Крисијан Костов од Скопје, согласно член 40 од Законот за управните спорови.

На одржанта јавна расправа на ден 19.08.2025 година, полномошникот на тужителот, остана во се како во наводите на тужбата и причините истакнати во историјатот на тужбата. Во случајов е настапена апсолутна застареност на прекршочното гонење и не може тужениот орган да носи решение со кое утврдува прекршочна одговорност и да тврди дека од 10.03.2012 година до денес го сторува прекршокот кој што му се става на товар. Вишиот управен суд акко на орган децидно му кажал дека погрешно го применува правото и процесниот закон и дека таа процесна повреда е стрена уште во моментот на одлучувањето на прекршочниот орган и тоа е наведено на страна 7 од одлуката УПРЖ.бр.60/24 од 04.12.2024 година, и укажува дека како орган треба самиот да ја запре постапката која што ја води.Тужениот орган наместо да ги почитува напатствијата на Вишиот управен суд, повторно доенсува исто решение како веќе поништеното и наводно тврди дека се уште има применети одлуки и дека тоа има последици од таа одлука и констатира дека заклучок до донесувањето на решението бил сторуван прекршокот и поради тоа не била настапена апсолутна застареност. Ваквото постапување на тужениот орган е апсурдно, децидно му е наведено дека е застапено застарувањето, затоа што е поминато времето двојно повеќе од она кое што е потребно за прекршочно гонење. Во тужбата децидно се цитирани член 8 од Закон за прекршоци и член 18 од ЗП во кои што јасно е наведено дека не претставува по пишаното дејствие никаков сторен прекршок и ниту еден лекар понатаму никогаш не ја применува оваа одлука за која што сметаат Комисијата дека е забранета и дека претставува нарушување на конкуренцијата. Имено, сакам да кажам дека судот ги има комплетно списите на предметото, во списите не може да произлезе дека во таа одлука навистина дошло до нарушување на конкуренциијата, така како што бара да се утврди членот 59 од Законот за заштита на конкуренцијата, никаде нема докази дека тоа негативно влијаело врз пациенти, граѓани за да може да се смета дека е застапена нарушуање на конкуренцијата. Имено, повисокиот суд воопшто не се впушта во утврдување на фактичката состојба, директно го цени фактот дека тужениот орган сметал дека е донесена на 10.03.2012 година, се поминати 10 години од денот кога наводно била доенсена таа забарнета одлука и со истекот на времето е настапена апсолутна застареност на прекршочмото гонење, и тужениот орган нема основ и право да го води понатамошниот тек на прекршочната псотапка, и му укажува на страна 7 дека поради тоа негово псотапување погрешно го применува и материјалниот и процесниот Закон, и ако на ова се додадат член 2 од ЗП, член 8 од ЗП, член 30 од КЗ на РСМ и член 18 од ЗП, евиднетно е дека тужениот требало д аја запре прекршочната постапка а не да доенсе решение со кое се изрекува прекршочна санкција. И следствено на тоа, бидејќи со ниту едно битие на дејствие не се исполнети и не е докажано дека е сторен прекршок по член 59

став 1 точка 1 в.в со член 7 од ЗЗК. Од таа гледна точка, предлагам да се запре прекршочната постапка во врска со материјалните закони цитирани во тужбата. Полномошникот на тужителот изјави дека Во член 7 од ЗЗК, точно се наведени што се смета за забранети договори или одлуки. Видно од тоа, тужителот ниту фиксирал куповни или продажни цени или други услови за тргување, ниту контролира производство, ниту го ограничува производството, пазарот, техничкиот развој и инвестиции, ниту го условуваат склучувањето на договори со други договорни страни. Во членот 7 став 2 од ЗЗК е наведено дека договрите и одлуките од поедниечни одредби согласно став 1 на овој член се ништовни. Зошто ова го кажувам, овде 13 години водат прекршочна псотапка оваа комисија и не убедува нас како тужитлеи дека ние треба да донесеме одлука со која што ќе ја ставиме вон сила претходно доенсената одлука, а веќе законодавецот навел дека биле ништовни, па следствено на тоа ако со диспозитивот на решението ни се става на товар дека сме донеле одлука со која што се нарушува конкуренцијата на 10.03.2012 госина, и наводно таа одлука траела до ден денес апсолутно невозможно е тоа, затоа што самиот законодавец навел дека тие одлуки се ништовни. Ако на ова се додаде член 30 од КЗ на РСМ, кој во конкретниот случај се применува соглансо член 2 од ЗП, бидејќи при одлучувањето на прекршокот и прекршочниот однос треба да се имаат предвид и општите одредби од КЗ. Со оглед дека од денот на одлуката од 10.03.2012 година до одржување на денешната расправа, а и со самото донесување на оспореното решение се поминати повеќе од 10 години, настапено е апсолутната застареност на прекршочното гонење поради протек на време. Претсавникот на тужениот се повикува на од нив претходно донесено решение и на Пресуда УПРК.бр.11/2022 и на Пресуда УПРЖ.бр.60/2024 на Вишиот управенс суд согласно кои се поништени претходно донесените решенија на тужениот орган и истите не постојат на правен промет. Од таа причина и Вишиот управен суд го уважил приговорот за застареност и му укажува на тужениот орган дека погрешно го применуваат правото, кој до денес повторно ја сотрува истата повреда, и со оглед дека тужениот орган тврди дека до ден денес траат последиците од таа одлука, се смета дека прекршокот е сторен на денот кога е донесена одлуката 10.03.2012 година, и поради тоа наводите во диспозитивот дека до денес траела одлуката, е неточно. Од тие причини, предлагам да се усвои тужбата во целост како што е поставена со тужбеното барање, да се запре прекршочното гонење поради настапена апсолутна застареност. побара трошоци по писмен трошковник кој ќе го достави до судот.

На одржанта јавна расправа на ден 19.08.2025 година, претставникот на тужениот орган, Валентина Николова истакна дека Комисијата во целсот останува на наводите изнесено во утуженото решение. Во однос на застареноста, би скаала да кажам дека и Управниот суд во пресудата УПРК.бр.11/2022 и Вишиот управен суд во пресудата УПРЖ бр.60/2024, констатираат дека комисијата точно утврдила дека прекршокот настанал на ден 10.03.2012 година, со носење на спорната одлука и дека се уште трае бидејќи Здружеието оттогаш до денес нема донесено нова Одлука со која спорната одлука ја ставил вон сила констатирано на страна на 12, а Вишиот управен суд на страна 6 од пресудата. Член 66 од ЗЗК во став 2 јасно наведува дека роковите на застраеност почнуваат да течат од денот на сторување на прекршокот, ако се работи за продолжен или повторен прекршок, роковите за застареност почнуваат да течат од денот кога прекршокот престанал. Во конкретниот случај, прекршокот се уште трае, кое нешто како што наведов го констатирала комсијата во своето решение, и Управниот и Вишиот

управен суд во своите пресуди, па оттука согласно член 66 став 2 од ЗЗК, рокот за застареност се уште не почнал да тече. ЗП во член 43 јасно наведува дека со Закон со кој се пропишува прекршокот, може за одделни прекршоци да се определат рокови на застареност подолги но не подолги од 5 години. Точно е дека член 66 од ЗЗК за наведениот прекршок предвидува рок на застареност од 5 години, додека апсолутната застараеност настанува за двојно подолго време, како што наведува член 66 изрично предвидува овој рок да почне да тече од денот кога прекршокот престанал. Во однос на наводите на тужителот дека не е докажано дека е сторен прекршокот, во своите пресуди Управниот суд и Вишиот управен суд јасно наведуваат дка согласно член 7 од ЗЗК секое претпријатие мора самостојно независно да ја одредува својата комерцијална политика и дека со носење на предметниот ценовник се елиминира конкуренцијата помеѓу конкурентите на начин што истиот им овозможува да го координира своето однесување по однос на цените. Дека спорната одлука има за цел нарушување на конкуренцијата што претставува повреда на ЗЗК односно член 7 на истиот закон. Дополнителнио и во решението и во пресудите се цитирани доказите прибавени на лице место од ПЗУ Д-р Мано Пуздерлиски и ПЗУ Д-р Соња Јанакиевски. Претставникот на тужениот орган Надица Четорошка изјави дека во ЗЗК член 7 став 1 точка 1, децидно е наведено дека заранети се сите договори чија цел или последица, во случајов се работи за цел да се наруши конкретниот пазар, е нарушување на конкуренцијата со директно или индиректно фиксирање на купопродажни цени или други основи на тргување и Управниот и Вишиот управен суд со своите пресуди УПРЖ.бр. 60/2024, дека правилно утврдил дека прекршокот е сторен и дека се уште трае, бидејќи ЗПЛРМ се уште не донела ниикаква одлука со која што ќе ја поништи одлуката за носење на оспорениот ценовник. Иако тужителот с еповикува на ЗП и на КЗ, lex specialist за тужениот орган е ЗЗК и при својата работа и при носење на одлуките, Комисијата се води согласно овој закон, каде согласно член 66 став 2 од ЗЗК, се работи за продолжен прекршок, што во конкретниот случај не настанува застареност, ниту пак почнува да течат роковите за застареност. Од судот, тужениот орган бара да доенсе пресуда со која ќе се одбие тужбеното барање на тужителот и се потврдува оспореното решение на тужениот орган.

Во доказна постапка, Судот на расправата ги изведе следните докази: оспорено Решение П.П.бр.09-2/11 од 30.04.2025 година, достава на Решение бр.09-2/12 од 30.04.2025 година, достава на Заклучок бр.09-2/4 од 31.01.2025 година, Заклучок П.П.бр.09-2/3 од 30.01.2025 година, Одоговор по заклучок од 11.02.2025 година, Пресуда УПРЖ.бр.60/2024 на Виш управен суд, достава на податоци арх.бр.09-895/2 од 01.04.2025 година, со прилог податоци од годишна сметка за 2024 година на име на тужителот бр.09-895/1 од 01.04.2025 година на ЦР на РСМ, Барање бр.09-2/9 од 27.03.2025 година, Тековна состојба бр.0805-50/150020250056828 од 08.02.2025 година, на ЦР на РСМ, Одговор на заклучок бр.09-2/8 од 17.02.2025 година, достава на податоци арх.бр.08-394/2 од 04.02.2025 година, со прилог податоци од годишна сметка за 2023 година на име на тужителот, Барање за доставување на биланс на приходите и расходите бр.09-2/5 од 31.01.2025 година, достава на заклучок бр.09-2/4 од 31.01.2025 година, Заклучок П.П.бр.09-2/3, Известување бр.09-2/1 од 14.01.2025 година, Пресуда УПРЖ 60/2024 на Виш управен суд, достава на списи П.П.бр.09-5/3 од 30.10.2023 година, Жалба УПРК.бр.11/22 од 05.01.2023 година, Пресуда УПРК.бр.11/22 од 01.12.2022 година на Управен суд, Поднесок од 29.09.2022 година, Записник од 07.09.2022 година РО.149-22 на Основен суд Велес, Одговор

на тужба П.П.бр.09-23/10 од 29.08.2022 година, Тужба заведена во судот под УПРК.бр.12/22 од 25.07.2022 година, Решение П.П.бр.09-23/5 од 14.07.2022 година, достава на заклучок П.П.бр.09-23/7 од 19.07.2022 година, Пресуда УПРК.бр.1/21 од 26.04.2022 година на Управен суд, Пресуда УПРК.бр.4/2016 на Управен суд, Пресуда УПРЖ.бр.514/2019 на Виш управен суд, Решение П.П.бр.09-5/1 од 21.01.2021година, достава на заклучок П.П.бр.09-23/8 од 19.07.2022 година, Заклучок П.П.бр.09-23/7 од 19.07.2022 година, Решение П.П.бр.09-23/5 од 14.07.2022 година, податоци бр.09-1647/1 од 11.07.2022 година, на ЦР на РСМ, со прилог преглед на податоци на годишна сметка за 2021 година на име на тужителот, Одговор на тужба П.П.бр.09-5/4 од 01.04.2021 година, Тужба УПРК.бр.1/2021 од 03.02.2021 година, Одговор по основ на конечно известување бр.09-24/3 од 11.12.2020 година, доставување на конечно известување за утврдена фактичка состојба бр.09-24/2 од 23.11.2020 година, конечно известување бр.09-24/2 од 23.11.2020 година, податоци бр.09-1158/2 од 16.06.2020 година на ЦР на РСМ, со прилог преглед на податоци на годишна сметка за 2019 година на име на тужителот, Допис П.П.бр.09-22/4 од 10.10.2019 година, Одговор на жалба бр.09-22/3 од 13.09.2019 година, Одговор на жалба од 04.09.2019 година, Жалба УПРК 4/2016, Тужба УПРК.бр.4/2016, Решение бр.09-22/9 од 31.08.2016 година, Решение бр.09-22/9 од 31.08.2016 година, Одговор по основ на конечно известување бр.09-22/8 од 20.06.2016 година, конечно известување за утврдување на фактичка состојба бр.09-22/7 од 06.06.2016 година, Одогвор по основ на доставување на преелиминарно известување бр.09-22/6 од 16.05.2016 година, Преелиминарно известување за утврдување на фактичка состојба бр.09-22/5 од 07.04.2016 година, податоци бр.09-903/2 од 30.03.2016 година на ЦР на РМ, со прилог преглед на податоци на годишна сметка за 2015 година, на име на тужителот, Заклучок П.П.бр.09-22/1 од 15.03.2016 година, Одговор по основ на заклучок бр.09-18/3 од 17.09.2015 година, Ценовник за услуги за приватни пациенти и приватни услуги, Биилանс на приходите и расходите од 01.01-31.12.2014 година, Заклучок бр.09-18/2 од 27.07.2015 година, Известување бр.07-90/2 од 20.04.2015 година, со прилози кон истиот, Повратница за достава на ургенција бр.09-2/9 од 27.03.2025 година, Повратница бр.09-24/2 од 23.11.2020 година, Повратница бр.09-2/12 од 30.04.2025 година, Повратница бр.09-2/3/4 од 31.01.2025 година, Повратница бр.09-2/5 од 31.05.2025 година, Повратница бр.09-5/1 од 21.01.2021 година.

Управниот Судот постапувајќи по тужбата на тужителот, го испита оспореното решение во границите на тужбеното барање во смисла на член 35 од Законот за управните спорови, врз основа на наводите и доказите од тужбата, одговорот на тужба, како и со увид во списите на предметот доставени од тужениот орган, а имајќи ги во предвид и наводите од одржаната јавна расправа најде дека:

Тужбата е основана.

Од списите на предметот произлегува дека произлегува дека тужениот орган, првично врз основа на одредбите од член 7 став 1 точка 1 и член 59 став 1 точка 1 од Законот за заштита на конкуренцијата, на 31.08.2016 година го донел сега оспореното решение Бр.09-22/9 со кое се утврдува дека тужителот – Здружението на приватни лекари на Република Македонија, во периодот од 10.03.2012 година до денот на донесување на оспореното решение, донел

забранета одлука, на начин што Управниот одбор на тужителот на 10.03.2012 година донел Ценовник за услуги за приватни пациенти и приватни услуги, односно донел одлука со која директно или индиректно се фиксираат продажните цени на услуги, а чија цел било спречување, ограничување или нарушување на конкуренцијата, со што тужителот сторил прекршок од член 59 став 1 точка 1 од Законот за заштита на конкуренцијата, за што и му била изречена санкција – глоба во износ од 491.000,00 денари или 4,7% од вредноста на вкупниот годишен приход на тужителот остварен во 2015 година, како последна деловна година за која истото има составено годишна сметка. Видно од образложението на оспореното решение, тужениот орган, по прибавување на податоци по службена должност, на тужителот му дал третман во смисла на одредбите од член 3 став 2 и од член 5 став 1 алинеја 1 од Законот за заштита од конкуренција, односно дека тужителот потпаѓа под законската дефиниција на „претпријатие" и дека како таков бил сторител на предметниот прекршок. Исто така, видно е дека во образложението на истото тоа оспорено решение, тужениот орган утврдил дека тужителот нема законско овластување за донесување на било какви ценовници, меѓутоа, наспроти тоа со ништо и со никаков доказ не се утврдува самото донесување на забранета одлука, кој елемент е составен и најбитен дел од законското битие на предметниот прекршок. Незадоволен од вака донесеното решение, тужителот истото во целост го оспори заведувајќи пред овој суд управен спор.

Незадоволен од ова решение, тужителот повел управен спор пред Управниот суд, кој со Пресуда УПРК.бр.4/2016 од 23.05.20219 година, тужбата ја уважил, а оспореното решение го поништил со образложение дека оспореното решение е донесено на штета на тужителот, при што погрешно се применети одредби од материјалното право, а фактичката состојба останала нецелосно и погрешно утврдена, заради што следуваше и истото да биде поништено. Пресуда УПРК.бр.4/2016 од 23.05.20219 година, во постапка по жалба бил потврден со Пресуа на Виш Управен Суд УПРЖ.бр.514/2019 од 08.05.2020 година.

Постапувајќи во повторна постапка, тужениот орган согласно напаствијата дадени на Пресуда УПРК.бр.4/2016 од 23.05.20219 година, донел Решение П.П.бр.09-5/1 од 21.01.2021 година. Незадоволен од ова решение, тужителот повел управен спор пред Управниот суд, кој со Пресуда УПРК.бр.1/2021 од 26.04.2022 година, тужбата ја уважил, а оспореното решение го поништил со образложение дека оспореното решение тужениот орган не утврдил дали и како е нарушена конкуренцијата со донесување на Одлуката бр.сл од 10.03.2012 година, од причина што не е утврдено дали оваа одлука влијаела на пазарот, односно не е утврдено дали со донесениот Ценовник за услуги за приватни пациенти и приватни услуги се фиксирани продажните цени на услуги за приватни пациенти и приватни услуги, имајќи во предвид дека тужителот немал законско овластување за донесување на одлука за регулирање на цените на пазарот.

По повеќе предходно спроведени постапки, тужениот орган,донел Решение ПП Бр: 09-23/5 од 14.07.2022 година и Заклучокот ПП:бр.09-23/7 од 19.07.2022 година, кое е составен дел на оспореното решение, а со кое се утврдува дека Здружението на приватни лекари на Република Македонија, како здружение на претпријатија во смисла на член 5 став 1 алинеја 1 и 2 од Законот за заштита на конкуренцијата, во периодот од 10.03.2012 година до денот на донесување на решението, донело забранета одлука, на начин што Управниот одбор на Здружението на приватни лекари на Република Македонија донел Одлука бр.сл

од 10.03.2012 година, со која е донесен Ценовник за услуги за приватни пациенти и приватни услуги, одлука со која директно или индиректно се фиксираат продажните цени на услуги за приватни пациенти и приватни услуги чија цел е спречување, ограничување или нарушување на конкуренцијата, со што сторил прекршок од член 59 став 1 точка 1, а во врска со член 7 став 1 точка 1 од Законот за заштита на конкуренцијата, за што му е изречена санкција - глоба во износ од 282.761,00 денари, што претставува 6,39% од вредноста на вкупниот годишен приход на Здружението на приватни лекари во Република Македонија остварен во 2021 година, како последна деловна година за која истото има поднесено годишна сметка.

Незадоволен од ова решение, тужителот повел управен спор пред Управниот суд, кој со Пресуда УПРК.бр.11/2022 од 01.12.2022 година, тужбата на тужителот Здружение на Приватни лекари на Република Македонија од Скопје, поднесена против Решение на Комисијата за одлучување по прекршок при Комисијата за заштита на конкуренцијата ПП Бр: 09-23/5 од 14.07.2022 година и Заклучокот за исправка ПП:бр.09-23/7 од 19.07.2022 година, се одбиение како неоснована. Незадоволен од Пресуда УПРК.бр.11/2022 од 01.12.2022 година, на Управниот Суд, тужителот против истотот на ден изјавиле жалба до Вишиот управен суд.

Постапувајќи по жалбата, Вишиот Управен Суд со Пресуда УПРЖ.бр.60/2024 од 04.12.2024 година, ја уважил жалбата на тужителот Здружение на Приватни лекари на Република Македонија од Скопје, Пресуда УПРК.бр.11/2022 од 01.12.2022 година, на Управниот Суд се преиначува, тужба на тужителот се уважува и се поништува Решение на Комисијата за одлучување по прекршок при Комисијата за заштита на конкуренцијата ПП.Бр. 09-23/5 од 14.07.2022 година, со образложение дека во времето на донесување на Решение на Комисијата за одлучување по прекршок при Комисијата за заштита на конкуренцијата ПП Бр: 09-23/5 од 14.07.2022 година, биле изминати десет година од денот на сторување на прекршокот и дека настапил застареност на прекршочно гонење согласно Законот за заштита на конкуренција.

Постапувајќи по напатствијата на Вишиот управен Суд, на ден 30.04.2025 година до тужениот орган, Комисијата за одлучување по прекршок при Комисијата за заштита на конкуренцијата, врз основа на член 28 став 2, член 30 став 1 и член 45 став 1 точка 1 од Законот за заштита на конкуренцијата, постапувајќи во постапка поведена по службена должност првично донел Решение П.П.бр.09-2/11 од 30.04.2025 година, со кое се утврдува дека Здружението на приватни лекари во Република Македонија, како здружение на претпријатија во смисла на член 5 став 1 алинеја 1 и 2 од Законот за заштита на конкуренцијата, во периодот од 10.03.2012 година до денот на донесување на решението, донело забранета одлука, на начин што Управниот одбор на Здружението на приватни лекари во Република Македонија донел Одлука бр.сл од 10.03.2012 година, со која е донесен Ценовник за услуги за приватни пациенти и приватни услуги, одлука со која директно или индиректно се фиксираат продажните цени на услуги за приватни пациенти и приватни услуги чија цел е спречување, ограничување или нарушување на конкуренцијата, со што сторил прекршок од член 59 став 1 точка 1, а во врска со член 7 став 1 точка 1 од Законот за заштита на конкуренцијата, за што му е изречена санкција - глоба во износ од 101.766,00 денари, што претставува 6.39 % од вредноста на вкупниот годишен приход на Здружението на приватни лекари во Република Македонија остварен во 2024 година, како последна деловна година за која истото има составено годишна сметка.

Незадоволен од вака донесеното Решение П.П бр.09-2/11 од 30.04.2025 година, на тужениот орган Комисија за одлучување по прекршок при Комисијата за заштита на конкуренцијата, останал сега тужителот кој го повел предметниот управен спор.

Од списите по предметот Судот утврди дека тужителот е огласени за одговорни за сторениот прекршок и им била изречена глоба согласно законот, но според Судот при одлучувањето, во конкретниот случај, пред се треба да се имаат во предвид и одредбите од Законот за заштита на конкуренцијата кои се однесуваат на застареност за поведување и водење на прекршочната постапка.

Согласно член 1 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија"бр.145/2010, 136/2011 и бр.41/2014), Со овој закон се уредуваат забранетите облици на спречување, ограничување или нарушување на конкуренцијата,мерките и постапките во врска со ограничувањата на конкуренцијата.

Согласно член 3 став 1 и став 2 точка 1 од истиот Закон, овој закон се применува на облиците на спречување, ограничување или нарушување на конкуренцијата (во натамошниот текст: нарушување на конкуренцијата) што произведуваат дејство на територијата на Република Македонија, дури и кога тие произлегуваат од акти и дејствија сторени или преземени надвор од територијата на Република Македонија. Овој закон се применува на: претпријатија,здруженија на претпријатија,поврзани претпријатија, државна управа.

Согласно член 5 став 1 од истиот закон, "претпријатие" е секој вид на деловен потфат без оглед на тоа како е организиран и од кого е воден (трговско друштво, трговец поединец, задруга, здружение на претпријатија и др.), слободните професии (адвокати, лекари, архитекти, сметководители, нотари и др.), јавните претпријатија основани заради вршење на дејности од јавен интерес како и секое друго правно или физичко лице, установа и друго правно и физичко лице кое има јавни овластувања или орган на државна управа што е ангажиран во водењето на некоја економска активност, без оглед на тоа дали се сметаат за трговци или не.

Согласно член 6 од наведениот Закон, надзор над спроведувањето на Законот за заштита на конкуренцијата врши Комисијата за заштита на конкуренцијата.

Согласно член 7 став 1 од наведениот Закон, Забранети се сите договори склучени меѓу претпријатија, одлуките на здруженијата на претпријатија и усогласеното однесување чија цел или последица е нарушување на конкуренцијата, а особено оние кои: директно или индиректно ги фиксираат куповните или продажните цени или некои други услови за тргување; го ограничуваат или го контролираат производството, пазарот, техничкиот развој или инвестициите; го делат пазарот или изворите на снабдување; применуваат различни услови за исти или слични правни работи со други трговски партнери, со што ги ставаат во понеповолна конкурентска позиција или го условуваат склучувањето на договорите со прифаќање од другите договорни страни дополнителни обврски, што по својата природа или согласно со трговските обичаи не се во врска со предметот на договорот.

Согласно член 30 од истиот Закон, за прекршоците определени во овој закон, прекршочна постапка пред Комисијата за заштита на конкуренцијата води и прекршочна санкција изрекува Комисијата за одлучување по прекршок.

Согласно член 31 од истиот Законот за заштита на конкуренцијата, Комисијата за одлучување по прекршок при водењето на прекршочна постапка соодветно ги применува одредбите од Законот за општа управна постапка, освен ако со Законот за прекршоци и со овој закон поинаку не е определено.

Согласно член 59 од наведениот Закон, Комисијата за одлучување по прекршок, на претпријатието, односно здружението на претпријатија, со решение ќе му изрече глоба во износ до 10% од вредноста на вкупниот годишен приход остварен во последната деловна година, изразена во апсолутен и номинален износ за која претпријатието или здружението на претпријатија има составена годишна сметка ако: склучи забранет договор или на друг начин учествува во договор, одлука или усогласено однесување со кои се нарушува конкуренцијата во смисла на член 7 од овој закон.

Согласно член 60 од наведениот Закон, Комисијата за одлучување по прекршок на учесниците во концентрацијата кои имаат обврска да поднесат известување од член 15 од овој закон, со решение ќе им изрече глоба во износ до 10% од вредноста на нивниот вкупен годишен приход, пресметан согласно член 16 од овој закон, изразена во апсолутен и номинален износ, ако: не поднесат известување за концентрацијата во согласност со член 15 од овој закон; ја спроведат концентрацијата спротивно на член 18 став (1) од овој закон;не постапи по решението донесено во согласност со член 18 став (3), член 19 став (3), член 20 став (1) точка 3), член 21 став (2) точка 3), член 22 став (2) и член 23 став (1) од овој закон; спроведе концентрација за која со решение, донесено согласно со член 20 став (1) точка 4) и член 21 став (2) точка 2) од овој закон, е утврдено дека не е во согласност со одредбите на овој закон.

Согласно член 66 став 1 точка 2 од Законот за заштита на конкуренцијата, прекршочна постапка не може да се поведе ниту да се води ако поминат: пет години за прекршоците од членовите 59 и 60 на овој закон. Според став 2, роковите за застареност почнуваат да течат од денот на сторување на прекршокот. Ако се работи за продолжен или повторен прекршок, роковите за застареност почнуваат да течат од денот кога прекршокот престанал. Според став 4 на истиот член, застареност на прекршочното гонење и застареност на извршување на прекршочната санкција настанува во секој случај кога ќе измине двапати онолку време колку што според законот се бара за застареност на прекршочното гонење,односно за застареност на извршувањето на прекршочната санкција.

Согласно член 35 став 1 од Законот за управните спорови („Службен весник на Република Северна Македонија бр.96/2019), законитоста на оспорениот управен акт судот ја испитува во границите на барањето од тужбата, но притоа не е врзан со причините на тужбата. Согласно став 2 на истиот член, на ништовноста на управниот акт судот внимава по службена должност.

Согласно член 60 став 1 од истиот закон, ако судот најде дека оспорениот управен акт е незаконит, со пресуда ќе го усвои тужбеното барање, ќе го поништи оспорениот поединечен управен акт и самиот ќе ја реши управната работа (пресуда во спор на полна јурисдикција), при што пресудата во целост го заменува поништениот поединечен акт

Судот во конкретниот случај најде дека тужителот Здружение на Приватни лекари на РМ Скопје, е лице над кое може да се применува Законот за заштита на конкуренцијата од причина што тужителот претставува здружение на претптијатија согласно член 5 став 1 точка 2 од Законот за заштита на конкуренцијата.

Исто така, Судот од списите приложени во предметот утврди дека прекршокот кој му се става на товар на тужителот Здружение на Приватни лекари на РМ Скопје, е сторен на 10.03.2012 година, па оттаму на ден 10.03.2022 година настапува апсолутна застареност за гонење и водење на прекршочната постапка, при што Судот имаше во предвид дека со Законот за заштита на конкуренцијата во членот 66 став 1 алинеја 2 и 4 е определен рок за застареност за поведување и водење на прекршочната постапка, согласно кои прекршочна постапка не може да се поведе ниту да се води ако поминат: пет години за прекршоците од членовите 59 и 60 на овој закон, и според став 4 на истиот член, застареност на прекршочното гонење и застареност на извршување на прекршочната санкција настанува во секој случај кога ќе измине двапати онолку време колку што според законот се бара за застареност на прекршочното гонење, што во конкретниот случај настапила апсолутна застареност на прекршочното гонење.

Исто така Судот од списите приложени кон предметот утврди дека тужениот орган, односно Комисија за одлучување по прекршок при Комисијата за заштита на конкуренцијата, списите за конкрениот предмет ги доставил на ден 11.06.2025 година, односно во време кога била настапена апсолутна застареност на конкретниот прекршок.Тужителот оспореното решението го примиле уредно и во законскиот определениот рок поднеле тужба пред Управен Суд на ден 23.05.2025 година.

Судот од списите приложени во предметот утврди дека тужениот орган, Комисија за одлучување по прекршок при Комисијата за заштита на конкуренцијата, Решението ПП.бр.09-2/11 од 30.04.2025 година, сега предмет на управен спор, го донел на ден 30.04.2025 година, Отука може да се заклучи дека за предметниот прекршок настапила апсолутната застареност кај тужениот орган, но истиот наместо тоа да го констатира и за тоа да донесе соодветна одлука, истот го донел сега оспореното решение.

Согласно член 86 став 3 од Законот за управните спорови („Службен весник на РСМ 96/2019), во кој е предвидено дека доколку судот ја одбие или отфрли тужбата или пак постапката се запре, секоја странка ги сноси своите трошоци во постапката, Судот одлучи како под став II од изреката.

Поради горенаведеното судот донесе одлука како во изреката на пресудата, напоменувајќи дека прекршочната постапка не може да се води по истекот на рокот од десет години од денот кога е сторен прекршокот, кога веќе изминале повеќе од десет години, во смисла на погоре цитираната законска одредба од

член 66 од Законот за заштита на конкуренцијата, донесе одлука како во изреката напоменувајќи дека во конкретниов случај вака донесената пресуда во се го заменува актот на надлежниот орган, а согласно член 58 и член 60 од Законот за управните спорови.

ПРЕСУДЕНО ВО УПРАВЕН СУД на ден 26.08.2025 година под УПРК.бр.10/2025.

Записничар - виш судски соработник
Димитар Радичевски

Судија
Имсале Хасани

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа пресуда е дозволена жалба во рок од 15 дена од денот на доставувањето на истата, преку овој суд до Вишиот управен суд.

НАЛОГ ЗА ТАКСА: Се задолжуват тужителите да платат солидарно судска такса за одлука во износ од 800,00 денари и такса за одлука во износ од 800,00 денари, во рок од 15 дена по приемот на одлуката и тоа како примач Буџет на Р.С Македонија, банка на примач НБРСМ, судски такси од правни лица сметка број 1000-000-000-630-95, Уплатна сметка: 840-182-03338, Приходна шифра: 72-22-11, Програма:00, Начин:2, во спротивно ќе се наплати присилно преку Управата за јавни приходи зголемена за 50%.

Пресудата да се достави на:
- тужителот, преку полномошник
- тужениот орган

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА УПРАВЕН СУД СКОПЈЕ
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT GJYKATA ADMINISTRATIVE SHKUP

Судија
Имсале Хасани

ЌБ. /

Согласноста на преписот
со изворникот го потврдува
Судски службеник
1